Орхидеја ШУРБАНОВСКА

УДК: 371.212:316.662

# КОЈ Е КОЈ во одделението?


***Кратка содржина***

*Најсилна социјално влијателна средина во училиштето е одделението во кое детето го поминува најголемиот дел од денот, здобивајки се со најмногу искуства за училиштето, наставниците, врсниците и себе си. Во овој труд се проучува социјалната положба на учениците, но од аспект на примената на активната и традиционалната настава во одделението. При тоа за мерење на социјалната положба на учениците за прв пат на нашата популација е користен инструментот – Кој е кој во одделението, од Хартсхорн и Меј (Hartshorne, May,1928 според Hopkins, 1998). Истражувањето опфати 171 ученик, четвртоодделенци од шест основни училишта во Скопје. Резултатите покажаа дека учениците од одделенијата со активна настава во однос на учениците со традиционална настава повеќе се бираат меѓусебно според следниве облици на поведение: трудољубивост, разбирање со наставникот, креативност и неанксиозност. Врз основа на овие и други податоци наведени подоле во текстот предложив програми за подобрување на социјалната положба на учениците во одделението, кои би имале и големо психолошко значење за развојот на младата личност на детето.*


**Клучни зборови:** *ПОЗИТИВНА СОЦИЈЛНА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЦИТЕ, ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, АКТИВНА И ТРАДИЦИОНАЛНА НАСТАВА.*

## Вовед

Основношколското време за детето е многу значаен животен период, а одделението за детето претставува средишен социјален контекст и простор на непосредно социјално учење. Во однос на теоријата на системи на Ј. Бронфенбренер (Bronfenbrener, 1981), најмал социјален систем или подсистем е училиштето и одделението. Соучениците во одделението се врсници кои се значајни за создавање

на пријателства и припадност на одредена социјална положба, значи се „значајни други“ во развојот на личноста на децата. Едно од прашањата кои најчесто го поставуваат експертите за образование е како да се учи, а покрај тоа, училишниот и одделенискиот контекст позитивно да влијаат во развојот на личноста на детето. Како сето тоа ќе се замисли, организира и спроведе во работата со одделението најмногу зависи од наставникот, односно од неговата личност, неговото психопедагошко знаење како и од примената на современи или традиционални методи на учење.

Секое дете влегува во одделението со извесни веќе развиени особини на личноста. Овие индивидуални разлики ги условуваат и разликите во социјалните интеракции кои се случуваат во одделението. Авторите на релевантните студии ги соопштуваат позитивните корелации меѓу измерените својства и аспектите на социјалната структура.

Резултатите на поедини истражувања покажале многу ниски позитивни корелации помеѓу општите физички карактеристики на учениците и нивната положба во социјалната структура во одделението. Меѓутоа податоците покажуваат дека присуството на лесно воочливиот физички хендикеп тежи да го ограничи или дури да го оневозможи прифаќањето на детето од страна на другите деца. Повеќе автори (Hurlock, 1956; Bonney, 1942; Dahlke, 1953; Стефановиќ, 1964; според Стојановски, 1988) дошле во своите истражувања до заклучок дека полот, физичкиот изглед и физичкиот хендикеп имаат значајна улога во социјалниот статус на учениците. Ова е најизразено кај најмладите ученици. Покрај недоволната социјлизираност на овие ученици, тие можат да исполат многу голема нетрпеливост кон оние кои имаат видлив физички недостаток. Ист однос имаат и кон учениците кои претрпеле јавна критика од страна на наставникот или тој на друг начин им ги припишал обележјата кои моментално или трајно ги одделачуваат од повеќето останати ученици. Резултатите на овие социометриски истражувања кои се бавеле со врската меѓу популарноста на децата во одделението и нивната интелигенција покажуваат дека оваа врска не е секогаш еднозначна: некаде се пронајдени високи позитивни корелации, а некаде не. Ова најчесто се објаснува со степенот со кој интелигенцијата е групно средство, односно колку членовите на групата го ценат ова својство и колку тоа спаѓа во централните вредности на проучуваната група. Во истра-

жувањето на Стојановски (1988) добиени се истражувачки резултати според кои може да се заклучи дека интелигенцијата има значајно позитивно дејство врз социјалниот статус на учениците. Но, сепак дејството на интелигенцијата врз социјалниот статус не е еднакво со оглед на социометриските критериуми. Поточно, поголемо дејство има на оние критериуми за кои е потребно интелектуално ангажирање од страна на учениците. Досегашните испитувања изгледа дале најубедливи резултати во врска со варијаблата на училишниот успех во социометриските избори, и тоа како во истражувањата на странските така и на домашните автори (Lazić, 1967; според Krnjajić, 1981). Некои од истражувањата укажуваат на помалото значење на училишниот успех на социјалното прифаќање на децата на помладите училишни возрасти.

За училишната практика познавањето на психосоцијалната положба на ученикот во одделението односно неговото социјално прилагодување во одделението е значајно заради поврзаноста на таа положба со училишната ефикасност, со однесувањето во различни одделенски ситуации и со некои лични карактеристики. Обрасците на прифаќање и одбивање помеѓу учениците значајно одредуваат како групата ќе реагира на образовната ситуација и на различните начини на усогласување на однесувањето што го користи наставникот во одделението.

И покрај големиот интерес и број на истражувања од областа на социјалната положба на учениците во одделението и видот на наставата, последниве две децении, во светот и кај нас, сè уште има голем број на отврени прашања за испитување на поодделни состојби, влијанија, врски и односи меѓу спомenатите појави. Одтука, проблем на нашето истражување беше да се испита: **Дали постојат разлики во позитивната социјална положба на учениците од одделенијата со активна и традиционална настава.**

### Испитаници

Истражувањето е спроведено во шест паралелки од шест основни училишта од Скопје, и тоа во три паралелки каде се изведува активна настава и во три паралелки каде се изведува традиционална настава. Возраста на учениците е четврто одделение основно учи-

лиште, односно 10-11 годишна возраст. Вкупниот број на испитаници е: 171 ученик, и тоа 89 ученици од активна настава и 82 ученици од традиционална настава.

## ИНСТРУМЕНТИ

### Прашалник „Кој е кој во одделението“ („Guess who“ technique)

Инструментот во ова истражување е прашалникот „Кој е кој во одделението“ кој ја мери социјалната положба на учениците. Овој инструмент го развиле Харстон и Меј, (Hartshorne, May, 1928, според Hopkins, 1998) во студијата „Nature of Character“. Податоците се добиваат од учениците. Техниката која се користи во прашалникот е слична на социометриската техника, но не е иста и не треба да се изедначува. Развојот на оваа техника бил независен од Мореновата социометриска техника. Во социометриските истражувања од 1960 година (според Pečjak и Košir, 2002) двете техники меѓусебно се надополнуваат.

Така, исто како и кај социометриската техника и во техниката „Кој е кој“ ги добиваме податоците непосредно од учениците. Секој ученик бира ученици од одделението кои соодветствуваат на дадените карактеристики. Прашалникот опфаќа позитивни и негативни облици на поведение кај учениците.

Во овој труд се прикажани само позитивните облици на однесување а тоа се следниве ***позитивни облици*** на поведение (во вид на прашања во прашалникот):

1. трудољубивост
2. разбирање со наставникот
3. разбирање со соучениците
4. истрајност при зададената задача (упорност)
5. самоиницијативност во однесувањето
6. добра замисла за тоа што да се прави (креативност)

7. мирен е, што и да се случи (неимпулсивен, рефлексивен)
8. остава впечаток дека не е плашлив (неанксиозен)

Учениците одговараа така што за секое прашање имаа право на избор од најмногу 5 (може и помалку) соученици што соодвтствуваат на дадените облици на позитивно и негативно поведение во одделението.

Овој прашалник е превземен од љубљанскиот Центар за психодијагностички средства, додека адаптацијата е направена со превод на прашањата на македонски јазик. Преводот беше проверен преку пилот истражувањето што беше спроведено на едно одделение четвртоодделеници (30 ученици) од основното училиште Јан Амос Коменски-Скопје, при што учениците успешно одговорија на сите прашања.

**Резултати за позитивната социјална положба на учениците од одделенијата со активна и традиционална настава**

Во ова истражување сакавме да утврдиме дали и во која мерка се разликуваат позитивните социјални положби на учениците од одделенијата со активна и традиционална настава. Во овој труд ќе се прикажат само позитивните поведенија на учениците.

Во табелата 1. се прикажани аритметичките средини, стандардни девијации и t-вредности на избраните ученици од активна и традиционална настава на определени критериуми за позитивното однесување на прашалникот „Кој е кој во одделението". Тоа значи дека учениците од активната настава, наспроти учениците од традиционална, просечно повеќе биле бирани како трудољубиви, креативни, оние кои подобро се разбирале со наставникот и оние со помала анксиозност. Според другите поведенија, учениците од двата вида на настава просечно биле бирани со мала разлика што не е статистички значајна. Поточно, не постои статистички значајна разлика меѓу изборите на учениците од двата вида на настава во прашањето за разбирање со соучениците, на прашањето за упорни во училишната работа, на прашањето за самоиницијативни, на прашањето за оние кои смирено реагираат на изненадни ситуации -рефлексивност (наспроти импулсивност).

**Табела 1.** *Разлика во димензиите на позитивната социјална положба на учениците од активна и традиционална настава (t-тест)*

| | Позитивна социјална положба | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активна Настава | | Традиционална Настава | | | | |
| | M | SD | M | SD | t-тест | df. | Значајност |
| **Трудољубивост** | 4,32 | 0,13 | 3,89 | 0,34 | 2,538 | 169 | 0,01 |
| **Разбирање со наставникот** | 4,05 | 0,27 | 3,51 | 0,98 | 1,660 | 169 | 0,05 |
| **Разбирање со соучениците** | 4,05 | 0,55 | 3,67 | 0,86 | 0,703 | 169 | / |
| **Истрајност** | 3,95 | 0,51 | 3,70 | 0,73 | 0,793 | 169 | / |
| **Самоиницијативност** | 3,96 | 0,52 | 3,63 | 0,68 | 0,776 | 169 | / |
| **Креативност** | 3,98 | 0,52 | 3,16 | 0,83 | 1,769 | 169 | 0,05 |
| **Рефлексивност** | 3,40 | 0,77 | 3,51 | 0,80 | -0,337 | 169 | / |
| **Неанксиозност** | 3,98 | 0,11 | 3,44 | 0,33 | 2,714 | 169 | 0,01 |

Така, нашата претпоставка за постоење на значајна разлика во позитивната социјална положба на учениците од активна и традиционална настава, можеме да кажеме дека делумно е оправдана.

Нашите резултати на повеќето критериуми од социјалната положба на учениците не покажа значајни разлики меѓу одделенијата од двата вида на настава. Но, од друга страна не може да се занемарат и разликите што ги добивме со ова истражување. За оваа состојба пред сè, доминантни се следниве причини: во оние училишта каде се спроведува активна настава најверојатно таа не се реализира според сите пропишани стандарди кои влијаат на афективниот аспект на наставата, но од друга страна и наставниците од традиционалната настава претпоставуваме дека на свој начин создаваат пријатна работна атмосфера на часот.

## Дискусија

Во однос на нашата претпоставка за постоење на значајна разлика во социјалната положба меѓу учениците од активна и традиционална настава, за позитивното однесување на учениците, може да се каже следново:

Од вкупно осум прашања од прашалникот „Кој е кој" на четири постои значајна разлика во социјалната положба за позитивното однесување меѓу учениците од активна и традиционална настава. Тоа се: прашањето за трудољубиви ученици, прашањето за ученици кои подобро се разбираат со наставникот, прашањето за креативни ученици (добри идеи што да се прави на часот) и парашањето за неанксиозни ученици. Така, учениците од активната настава просечно повеќе биле бирани како **трудољубиви**, како ученици кои подобро се **разбираат со наставникот**, како **креативни,** како **неанксиозни** одошто учениците од традиционалната настава. На другите прашања, учениците од двата вида на настава просечно биле бирани со мала разлика што не е статистички значајна. Поточно учениците од двата вида на настава не се разликуваат во изборот на ученици кои се **разбираат со своите соученици**, **ученици кои се истрајни во училишната работа**, **самоиницијативни ученици и рефлексивни (неимпулсивни) ученици**.

Значи, може да се заклучи дека позитивното однесување на учениците по одредени категории повеќе се забележува во одделенијата што спроведуваат активна настава. Објаснувањето на ваквата состојба најверојатно е заради следниве причини:

Учениците од активна настава имаат повеќе шанси (прилики) да се запознаат меѓу себе во однос на тоа каков став имаат нивните соученици кон учењето. Познато е дека учењето на новото градиво се случува на часот и тоа претежно преку методи со откривање, истражување и експериментирање. Понатаму, формата на работа најчесто е во групи (чиј состав се менува), а и распоредот на седење е во групи (составени клупи на кои седат по 4-6 ученици). Производите на она што е научено се во вид на таблоиди, дневници и тн. кое се изработува на часот и во групата. Наспроти тоа, во традиционалната настава поголемиот дел на учењето (активно) учениците го прават дома, а на училиште само се пасивни слушатели и примачи на информации. Трудољубивоста како особина која го покажува односот кон работата помалку може да се перципира од страна на соучениците, единствен показател е знаењето што децата го покажуваат кога наставниците ги испрашуваат.

Во активната настава соработката на наставникот со ученикот е од пресудно значење за успех во учењето на часот. Таа соработка, помош и поддршка од страна на наставникот е ненаметлива, но многу значајна за ученикот. Во одделенијата каде што наставникот ги преферира традиционалните методи на работа не е непходна

блиската соработка меѓу наставникот и ученикот. Така, изборот на поголем број ученици во однос на прашањето за разбирање со наставникот, во одделенијата со активна настава е разбирливо и се очекуваше. На прашањето кое бара избор на ученици со креативни идеи исто така е разбирлив поголемиот резултат од страна на учениците од активна настава. Ова беше и за очекување заради тоа што активната настава е таква што дава можност за учество на учениците во споделување свои идеи на часот, за разлика од традиционалната каде наставникт ги води учениците врз основа на своите замисли. И за прашањето на анксиозност на учениците во одделенијата е карактеристично што таа е помала кај учениците од активната настава, заради тоа што неизвесноста и стресот што го доживуваат учениците во традиционалната настава (заради традиционалните методи на предавање и испрашување) е многу помал кај учениците со активна настава.

Од тука произлегува сознанието дека процесот на применување на современи методи во наставата, кои би имале и големо психолошко значење за младата личност на детето, се во зародиш, потребна е најверојатно поголема ангажираност на наставнивите, но исто така и поголема логистичка поддршка од другите институции како Министерство за образование и Биро за развој на образованието на Македонија.

**Предлози и решенија**

Целта на секое истражување од оваа област е да се помогне во тенденциите за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во нашите училишта. Информациите, што ги добивме врз основа на резултатите од истражувањето, за социјалната положба на учениците од одделенијата со активна и традиционална настава, може да им помогнат на наставниците, училишниот персонал, учениците и сите оние кои професионално се занимаваат со воспитно – образовната работа со деца, во планирањето или евалуацијата на истата. Овие податоци се интересни и за оние кои ја водат образовната политика во нашата земја, како и за евалуација на едукативните и истражувачки програми и проекти.

Врз основа на резултатите од истражувањето ги предлагам следните програми за развој на одделенската клима и подобрување на социјалната положба на учениците:

- Програма за надминување на напнатоста во одделението започнува со разговор со учениците за тоа како е најдобро да се спротивставиме на другиот, кога има најмногу тепачки во одделението, кога се појавува себичност, кога некои ученици мислат и прават по свое, се своеглави, и кога се препираат меѓусебно. При тоа потребно е да се појде од конкретна ситуација, која за учениците претставува модел. Потоа учениците може индивидуално или групно да изработуваат плакати кои ги потсетуваат на непријатни ситуации. На крајот корисно е да се договорат за заклучоците кои би помогнале во обидот за менување на односите во одделнието.
- Во работата за снижување на напнатоста наставникот може да употреби методи на искуствено учење: играње улоги, стимулирање на креативна дискусија, браинсторминг, методи на релаксација, но и социјални и интеракциски игри. За тоа треба да се определи посебен час кој наставникот ќе го намени на одделенската заедница.
- Програма за постигнување задоволство и уживаање во училишната работа. Таа се состои од избор на ситуации кога децата уживаат во училишната работа, кога се весели и кога не се весели, кога имаат активности кои предизвикуваат задоволство во одделението, но и кога не. За таа цел наставникот треба да биде конструктивен и иновативен, но исто така корисно би било да ги примени методите на социјално учење како разни интеракциски игри, што ги препорачува Тинде Ковач–Церовиќ и соработниците, во книгата „Училница на добрата волја" (Kovač–Cerović и соработници, 1995). Овие методи во вид на игри ќе ја зголемат поврзаноста меѓу учениците, социјалната самодоверба и ќе допринесат во подобрувањето на социјалната положба во одделенито. Во оваа програма учениците се активни учесници и самите доаѓаат до нови сознанија преку сопственото искуство, при што се зголемува и можноста за соработка меѓу нив.
- Програмата за тежина (намалување на тежината на она што се учи), и натпревар (помал натпревар меѓу учениците) може да се реализира на истиот начин.

Во овој труд се предложени неколку основни пристапи во изработка на програми кои ќе создадат поадекватен пристап во унапредувањето на активната настава, односно во унапредувањето на воспитно – образовниот процес воопшто. Очекуваме овој труд да ги насочи и поттикне наставниците посмело да пристапат во подготовка и реализација на современите наставни програми и наставна работа, во кои секако треба да бидат вклучени и програмите кои допринесуваат во психосоцијалниот развој на децата – учениците.

Иднината е отворена кон нови образовни перспективи кои ќе бидат предизвик како за теоретичарите така и за практичарите во воспитно - образовната дејност.

(Рецензент: *проф. д-р Елена Ачкоска Лешоска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Bronfenbrener, J. (1981). *Ekologija ljudskog razvoja*. Beograd: Zavod za ubenike i nastavna sredstva.

Hopkins, K. D. (1998). *Educational and psychologikal measurement and evaluation*, Boston: Allyn and Bacon.

Krnjajić, S. (1981). *Sociometriski status učenika*. Beograd: Prosveta.

Kovač, – Cerović, T., Rosandi, R., Popadi, D., (1995). *Učionica dobre volje*. Beograd: Grupa most.

Pečjak, S., Košir, K. (2002). *Poglavja iz pedagoške psihologije – Izabrane*: Oddelek za psihologijo, Filozofske fakultete univerze v Ljubljani. teme. Ljubljana

Стојановски, З. (1988). *Социјалниот статус и личните особини на учениците*, Скопје: Просветен работник.

Orhideja SHURBANOVSKA

# WHO IS WHO in the classroom?

## Abstract

*Distinguishing the positive social status of the students from classes attending active and traditional teaching curriculum, we used a questionnaire – „Who is Who in the class" in relation to the authors – Hurston and May . The research covered 171 students in the fourth grade from six basic school in Skopje. The results demonstrated that the students attending active teaching curriculum chose each other in positive social behavior like hardworking, undersanding with teacher, creativity, unanxiety more than the students from traditional classes. Accordingly, it is obvious that the active teaching achieves better results even in the affective sphere of teaching curriculum which is an evident marker of its more effective application. Our research paper offers several basic steps in elaboration of programmes that will create more adequate approach in improving the affective side of the active teaching curriculum, and by that give support to personality development of primary school* children.

***Keywords:*** *POSITIVE SOCIAL STATUS OF THE STUDENTS, STUDENTS BEHAVIOR, ACTIVE AND TRADITIONAL TEACHING CURRICULUM.*